

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

НУЦК „ИЉО АНТЕСКИ-СМОК"-ТЕТОВО
INQK "ILO ANTESKI-SMOK"-TETOVË
NICC "ILO ANTESKI-SMOK"-TETOVO

2025
Тетово

Врз основа на член 31-б став (1) од Закон за Културата („Службен весник на Република Северна Македонија"44/2014) и член 12, точка 10 од Статут на НУЦК. „Иљо Антески – Смок„ - Тетово, бр.0101-18/6 од 16.04.2015, Директорот на Национална Установа Центар за Култура „Иљо Антески-Смок"-Тетово, донесува:

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „ИЉО АНТЕСКИ-СМОК"-ТЕТОВО ЗА ПЕРИОД 01.01.2025-30.06.2025

**2025**

ТЕТОВО

# СОДРЖИНА

01 **Вовед ........................................................................................ 4**

02 **Органи на раководење и управување ............................ 5**

**I.1** Орган на раководење ........................................................................................ 5
**I.2** Орган на управување ........................................................................................ 5

03 **Програмски дел ........................................................................ 6**

**II.1** Активности ........................................................................................................ 6
**II.2** Наративен извештај ....................................................................................... 8

04 **Финансиски извештај ........................................................ 16**

05 **Заклучок ................................................................................ 21**



# Вовед

НУЦК „Иљо Антески-Смок"-Тетово е изградена во 1973 година, а со работа на администрација службено започна во 1975 година. Овој објект има површина од 6.500 квадратни метри, од кои 780 м2 се дел од бината.

За организирање на музичко-сценски и други активности, Центар за Култура поседува голема сала со 661 седишта, како и мала сала со 50 седишта за разни промоции.

Центарот за Култура е важен носител на културни, уметнички и сценски активности во Тетово и тетовско. Е пристојна за одржување на концерти, разни музичко-сценски активности, претстави, промоции, изложби, концерти за ансамбли, оперски, одржување на политички активности, а истовремено со своите дејности, активно дејствува за промоција и остварување на културни вредности.

За секоја година, во овој објект нивните активности ги одвиваат стотици уметници од разни профили од сите националности и разни јазици, актери, музичари, пејачи, игроорци, балетани, сликари идр. А годишно во Центарот за Култура се одржуваат над 100 активности, со над 50.000 посетители.

# I. ОРГАНИ НА РАКОВОДЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ

## I.1. ОРГАН НА РАКОВОДЕЊЕ
### ДИРЕКТОР

Национална Установа Центар за Култура „Иљо Антески-Смок"-Тетово, се раководи од директорот, кој се избира од Министерство за култура и туризам преку јавен оглас, со мандат од 4 (четири) години со право за избор и за еден втор мандат. Директорот на установата за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година ги раководел, координирал и ги елиминирал сите можни препреки за непречено реализирање на сите матични и другите активности кои се организирани од здруженија, институции и слично.

## I.2. ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ
### УПРАВЕН ОДБОР

Управниот одбор на Центарот за култура го сочинуваат 5 (пет) члена, кои ги именува и разрешува министерот за култура, од кои двајца се претставници од редот на истакнати поединци од областа на културата, еден од локалната самоуправа и двајца претставници од вработените на Центарот за култура. Управниот одбор во период 01.01.2025-30.06.2025 година, има реализирано 5 (пет) седници, податоци со табеларен приказ.

| Датум на седници | Одлуки | Согласности | Усвојувања |
|---|---|---|---|
| 27.02.2025 | 2 | / | 3 |
| 07.03.2025 | / | 1 | 1 |
| 28.03.2025 | 1 | / | 1 |
| 15.04.2025 | 1 | / | / |
| 23.06.2025 | 2 | 1 | / |
| **Вкупно** | **6** | **2** | **5** |

# II. ПРОГРАМСКИ ДЕЛ

## II.1. АКТИВНОСТИ

НУЦК. „Иљо Антески Смок“- Тетово, во нејзиниот објект за прикажување на разни настани ја има големата сала со 661 седиште и малата сала погодна за разни мали промоции со 50 седишта.

Во период од 01.01.2025 до 30.06.2025 во Центарот за Култура се има одржано вкупно 45 разни настани, од кои повеќето се од драмска и музичка дејност. На овие активности, во Центарот за Култура фрекуентирале 22.980 љубители на уметноста од сите националности во земјата и религии.

Големата сала на Центарот за Култура, пропорционално го користи и Тетовски Театар, и тоа секој четврток и петок од годината, а и други термини пред реализација на премиери, а вкупно за овој период салата го користеле 22 дена.

Активностите поделени по видот, за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 на табеларен преглед би изгледало:

| Бр. | Вид на активност | Број на активност |
|---|---|---|
| 1 | Претстави | 16 |
| 2 | Класична музика | 2 |
| 3 | Фолклор | 6 |
| 4 | Изложби | 1 |
| 5 | Манифестации | 2 |
| 6 | Трибини | 4 |
| 7 | Политички средби | 1 |
| 8 | Активности за деца | 6 |
| 9 | Хуманитарни активности | 2 |
| 10 | Концерти | 3 |
| 11 | Филм | 1 |
| 12 | Обука | 1 |
| | **Вкупно** | **45** |

**Според категоријата на возраст:**

| Бр. | Категорија на возраст | Вкупно настани | Вкупно посетеност |
|---|---|---|---|
| 1 | до 12 | 12 | 7.500 |
| 2 | +12 | 2 | 1.150 |
| 3 | +18 | 31 | 14.330 |
| | **Вкупно** | **45** | **22.980** |

**Активности според национална основа:**

| Бр. | Активност според националност | Вкупно активности | Вкупна посетеност |
|---|---|---|---|
| 1 | Мешана | 10 | 4.280 |
| 2 | Албански | 24 | 12.050 |
| 3 | Македонски | 10 | 6.000 |
| 4 | Турски | 1 | 650 |
| | **Вкупно** | **45** | **22.980** |

Центарот за Култура има склучено договори со сите организатори, освен Тетовски Театар кои се под ист објект со нашата институција.

| Склучени договори | Ослободување од плаќање | Вредност |
|---|---|---|
| **По одобрение на Министерство за Култура и Влада** | 0 | 0 |
| **Тетовски театар** | 22 дена | 0 |

# II.1. НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

## Јануари 2025

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Трибина | ИВЗ | 02.01.2025 | 650 |
| Претстава | Виртуелен музеј на Тетово | 10.01.2025 | 100 |

01 **02.01.2025 (четврток)**

Во организација на Исламската верска заедница, претставувана од Селвер Џемаили, во големата сала беше организирана верска активност. На активноста присуствуваа 650 посетители.

02 **10.01.2025 (петок)**

Во организација на Виртуелниот музеј на град Тетово, во малата сала на Културниот центар беше прикажан филмот „Историчарот и камелеоните“. На овој настан присуствуваа 100 посетители.

## Февруари 2025

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Политички средби | Алијанса за Албанците | 23.02.2025 | 650 |
| Трибина | ИВЗ | 27.02.2025 | 650 |

01 **23.02.2025 (недела)**

Во организација на Алијансата за Албанците – Тетово, во големата сала на Културниот центар се одржа политички собир. На овој настан присуствуваа 650 посетители.

02 **27.02.2025 (четврток)**

Во организација на Исламската верска заедница, претставувана од Селвер Џемаили, во големата сала беше организирана верска активност. На активноста присуствуваа 650 посетители.

## Март 2025

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Претстава | Ален Хаџиќ | 02.03.2025 | 650 |
| Концерт | Општина Тетово | 03.03.2025 | 650 |
| Трибина | КУД „Исламско единство“ | 09.03.2025 | 650 |
| Хуманитарен Концерт | Црвен крст | 14.03.2025 | 350 |
| Хуманитарен Концерт | АСР | 27.03.2025 | 650 |

01 **02.03.2025 (недела)**

Во големата сала беше организирано стенд-ап шоу од Ален Хаџиќ. На настанот присуствуваа 650 посетители.

02 **03.03.2025 (понеделник)**

Во организација на Општина Тетово, во големата сала се одржа концерт по повод Денот на Општината. На овој настан присуствуваа 650 посетители.

03 **09.03.2025 (недела)**

Во организација на Исламската Заедница, по повод месецот Рамазан, во големата сала се одржа верска трибина. На овој настан присуствуваа 650 посетители.

04 **14.03.2025 (петок)**

Во организација на Црвениот Крст се реализираше хуманитарен концерт. На настанот присуствуваа 350 посетители.

05 **27.03.2025 (четврток)**

Во организација на здружението АСР беше организирана трибина по повод месецот Рамазан. На овој настан присуствуваа 650 посетители.

## Април 2025

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Претстава | Тетовски Театар | 05.04.2025 | 300 |
| Претстава | Тетовски Театар | 11.04.2025 | 250 |
| Фолклор | КУД “Џеладин Зеќири” | 18.04.2025 | 650 |
| Активност за деца | О.У. “Истигбал” | 22.04.2025 | 600 |

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Претстава | Здружение „Летечка Театарска Трупа" | 23.04.2025 | 1.000 |
| Трибина | Медреса "Иса Беу" | 25.04.2025 | 650 |
| Претстава | Тетовски Театар | 28.04.2025 | 300 |
| Активност за деца | О.У. "Шемшово" | 30.04.2025 | 500 |

01 **05.04.2025 (сабота)**

Во организација на Тетовски Театар, во големата сала се одржа реприза на претставата „Пациентот на д-р Фројд". На овој настан присуствуваа 300 посетители.

02 **11.04.2025 (петок)**

Во организација на Тетовски Театар се одржа реприза на претставата „Итроштините на Патук". На овој настан присуствуваа 250 посетители.

03 **18.04.2025 (петок)**

Во организација на КУД „Џеладин Зеќири", се одржа концерт со млади таленти. На настанот присуствуваа 650 лица.

04 **22.04.2025 (вторник)**

Во организација на О.У. „Истигбал" – Тетово, се одржа детски манифестација по повод Меѓународниот ден на децата. На овој настан присуствуваа 600 посетители.

05 **23.04.2025 (среда)**

Во големата сала се одржа детска театарска претстава „Волчјо дете" од Драмското студио „Летечка театарска трупа" – Тетово. На овој настан присуствуваа 1.000 лица.

06 **25.04.2025 (петок)**

Во големата сала, во организација на Медреса „Иса Беу", се одржа верски настан. На овој настан присуствуваа 650 посетители.

07 **28.04.2025 (понеделник)**

Во организација на Тетовски Театар се одржа реприза на претставата „Непријателот на народот". На овој настан присуствуваа 300 посетители.

08 **30.04.2025 (среда)**

Во организација на О.У. „Шемшово", се одржа детска активност „Промени се". На настанот присуствуваа 500 посетители.

## Мај 2025

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Фолклор | КУД “Кирил Пејчинович” | 03.05.2025 | 600 |
| Претстава за деца | Здружение “Летечка Театарска Трупа” | 05.05.2025 | 650 |
| Филм | Нетинг Скоол | 06.06.2025 | 650 |
| Претстава | Тетовски Театар | 09.05.2025 | 300 |
| Манифестација | ИВЗ | 10.05.2025 | 650 |
| Класичен концерт | “Артал” Тетово | 15.05.2025 | 500 |
| Претстава | “Македонско-Хрватско Друштво” | 16.05.2025 | 650 |
| Претстава | Гзим Ќахили | 17.05.2025 | 400 |
| Фолклор | НУЦК “Иљо Антески-Смок” | 19.05.2025 | 650 |
| Претстава | КУД “Иљо Антески-Смок” | 21.05.2025 | 350 |
| Концерт | Анита Азири | 23.05.2025 | 600 |
| Активност за деца | ОЈУДГ “Младост” | 27.05.2025 | 650 |
| Манифестација | Медреса “Иса Беу” | 28.05.2025 | 650 |
| Изложба | НУЦК “Иљо Антески-Смок” | 29.05.2025 | 50 |
| Класичен концерт | ”Артал” Тетово | 30.05.2025 | 100 |

01 **03.05.2025 (сабота)**

Во организација на културно-уметничкото друштво „Кирил Пејчиновиќ“ – Теарце, се одржа манифестација по повод Деновите на Кирил Пејчиновиќ. На овој настан присуствуваа 600 посетители.

02 **05.05.2025 (понеделник)**

Во големата сала се одржа детска театарска претстава „Снежана и седумте џуџиња“ од здружението „Летечка театарска трупа“ – Тетово. На овој настан присуствуваа 1.000 лица.

03 **06.05.2025 (вторник)**

Во организација на здружението „Netting School“ беше прикажан филмот „Пасошот“, во режија на Едуарт Гришај. На настанот присуствуваа 650 лица.

04 **09.05.2025 (петок)**

Во организација на Тетовски Театар се одржа реприза на претставата „Бунтот на запирката“. На овој настан присуствуваа 300 посетители.

05 **10.05.2025 (сабота)**

Во организација на Муфтиството на Тетово, во големата сала се одржа манифестација за аџилак. На настанот присуствуваа 650 лица.

06 **15.05.2025 (четврток)**

Во организација на здружението „Артал“, во просториите на големата сала на НУЦК „Иљо Антески-Смок“ се одржа отворање на фестивалот „Меридијани“, со детскиот хор „Крешендо“. На овој настан присуствуваа 500 посетители.

07 **16.05.2025 (петок)**

Во организација на „Македонско-хрватското друштво“, во просториите на големата сала на НУЦК „Иљо Антески-Смок“ – Тетово, се одржа претстава со учесници од Хрватска. На настанот присуствуваа 650 посетители.

08 **17.05.2025 (сабота)**

Во организација на Гзим Ќахили, во големата сала на Центарот за култура се одржа стендап-комедија. Присуствуваа вкупно 400 посетители.

09 **19.05.2025 (понеделник)**

Во организација на НУЦК „Иљо Антески-Смок“ – Тетово, во соработка со КУД „Јени Хајат“ – Тетово, во големата сала на Центарот за култура се одржа фолклорен концерт по повод 19 Мај – Денот на младите. Проектот беше поддржан од Министерството за култура. На настанот присуствуваа 650 посетители.

10 **21.05.2025 (среда)**

Во организација на КУД „Иљо Антески-Смок“, во просториите на големата сала се одржа детска театарска претстава „Двете мали самовили“. На овој настан присуствуваа 350 посетители.

11 **23.05.2025 (петок)**

Со поддршка на Министерството за култура, во големата сала на НУЦК „Иљо Антески-Смок“ – Тетово се одржа солистички концерт на Анита Азири и Бендот „Артемис“. На овој настан присуствуваа 600 посетители.

12 **27.05.2025 (вторник)**

Во организација на градинката „Младост“, во големата сала на НУКЦ „Иљо Антески-Смок“ се реализираше завршната приредба. На претставата присуствуваа 650 посетители.

13 **28.05.2025 (среда)**

Во големата сала, во организација на Медресата „Иса Беј“, се одржа свеченост по повод испраќањето на генерации. На настанот присуствуваа 650 посетители.

14 **29.05.2025 (четврток)**

Во организација на НУЦК „Иљо Антески-Смок"-Тетово, со поддршка од Министерството за култура, во холот се одржа самостојната изложба на Есра Лута, „Flow in the Flower". На овој настан присуствуваа 50 посетители.

15 **30.05.2025 (петок)**

Во рамките на меѓународниот фестивал „Меридијани", здружението „Артал" го реализираше следниот концерт „Трио концерт". На овој настан присуствуваа 100 посетители.

## Јуни 2025

| Дејност | Организатор | Датум | Присутни |
|---|---|---|---|
| Активност за деца | Јаболчиња | 01,03.06.2025 | 1000 |
| Претстава за деца | Здружение "Летечка Театарска Трупа" | 02.06.2025 | 650 |
| Претстава за деца | КУД "Иљо Антески-Смок" | 04.06.2025 | 300 |
| Активност за деца | Балетско студио "Менада" | 08.06.2025 | 500 |
| Фолклор | КУД "Извор" | 09.06.2025 | 500 |
| Претстава | Тетовски Театар | 10.06.2025 | 300 |
| Претстава | Тетовски Театар | 11-13.06.2025 | 200 |
| Активност за деца | Балетско студио "ТУТУ" | 14-15.06.2025 | 1000 |
| Обука | "Здружение за применета филозофија" | 17.06.2025 | 30 |
| Фолклор | КУД "Јехона е Малесисе се Шарит" | 18.06.2025 | 600 |
| Фолклор | НУЦК "Иљо Антески-Смок" | 19.06.2025 | 250 |
| Претстава за деца | Визион Академи | 20.06.2025 | 300 |
| Концерт | Меѓународен хорски фестивал "ТЕХО" | 28-29.06.2025 | 650 |

01 **01,03.06.2025 (недела, вторник)**

Во големата сала се одржа 30-то издание на фестивалот „Јаболчиња“. 15 деца го изразија својот талент во пеење. Настанот имаше вкупно 1.000 посетители.

02 **02.06.2025 (понеделник)**

Во големата сала се одржа детската театарска претстава „Малиот принц“ од Здружението „Летечка театарска трупа“ – Тетово. На овој настан присуствуваа 650 лица.

03 **04.06.2025 (среда)**

Во организација на КУД „Иљо Антески Смок“, во просториите на големата сала се одржа детската театарска претстава „Двете мали самовили“. На настанот присуствуваа 300 посетители.

04 **08.06.2025 (недела)**

Во организација на балетското студио „Менада“, под кореографија на Јелена Мирчевска, во големата сала се одржа балетската претстава „Украдена круна“. На настанот присуствуваа 500 посетители.

05 **09.06.2025 (понеделник)**

Во организација на КУД „Извор“ – Јегуновце, во просториите на големата сала се одржа јубилеен концерт по повод 20-годишнината. На настанот присуствуваа 500 посетители.

06 **10.06.2025 (вторник)**

Во организација на Тетовски Театар се одржа премиерата на претставата „Анатомија на револуцијата“. На настанот присуствуваа 300 посетители.

07 **11–13.06.2025 (среда, петок)**

Во организација на Тетовски Театар се одржа повторна изведба на претставата „Анатомија на револуцијата“. На овие настани вкупно присуствуваа 200 посетители.

08 **14–15.06.2025 (сабота, недела)**

Во организација на Балетското студио „Туту“ во големата сала на НУЦК „Иљо Антески Смок“-Тетово, оваа година се реализира балетската претстава „Inside out“ со наставничката Бора Казими. Настанот имаше вкупно 1.000 посетители.

09 **17.06.2025 (вторник)**

Во организација на Здружението за применета филозофија, во салата „Вилијам Шекспир“ се одржа мотивациска обука на тема „Како да бидеме мотивирани, како да имаме повеќе сигурност и самодоверба“. На настанот беа присутни 30 лица.

10 **18.06.2025 (среда)**

Во организација на КУД „Јехона е Малесисе“, во просториите на големата сала се одржа традиционалниот годишен концерт. На овој настан присуствуваа 600 посетители.

11 **19.06.2025 (четврток)**

Во организација на НУЦК „Иљо Антески Смок“ – Тетово, во соработка со Ансамблот „Танец“, во големата сала на Центарот за култура се одржа фолклорен концерт „Ритамот на душата, бојата на традицијата“. Проектот беше поддржан од Министерството за култура. На настанот присуствуваа 250 посетители.

12 **20.06.2025 (петок)**

Во организација на Vision Academy, во големата сала се одржа завршната претстава за децата од курсевите. На настанот присуствуваа 300 посетители.

13 **28–29.06.2025 (сабота, недела)**

Во организација на Меѓународниот фестивал на хорови „Техо“, во големата сала на НУЦК „Иљо Антески Смок“ се одржа хорски концерт. На настанот присуствуваа 650 посетители.

# III.1. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ




## РАСХОДНА СТАВКА 401 - ОСНОВНИ ПЛАТИ

Центар за Култура „Иљо Антески Смок“ во првите шес месеци во 2025 година направи некои важни трошоци за платите на своите вработени. Овие трошоци се тесно поврзани со обезбедување на квалитетна и одржлива услуга за сите културни и уметнички активности што се одржуваат во оваа институција. Трошоците за платите на уметничките раководители, платите на административните службеници, платите на техничките службеници, како и персоналниот данок се во вкупна вредност од 7,352,231.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 402 - ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Придонесите за социјално осигурување, кои вклучуваат: основни придонеси за ПИО, основни придонеси за здраство, персонален дополнителен придонес, основни придонеси до агенцијата за вработување, се важна компонента на оперативниот буџет на институцијата. Овие придонеси се од суштинско значење за обезбедување социјална и економска заштита на персоналот и претставуваат значајна инвестиција во благосостојбата на вработените. Вкупната вредност на оваа категорија на расходи изнесува 2,859,220.00 денари.

## РАСХОДНА СТАВКА 421 - КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ

ТТрошоците на Центар за Култура за струја, односно осветлувањето на внатрешните и надворешните простори, работата на електричната опрема и системот за вентилација и климатизација за 6500 м2 корисен простор, каде истата инфраструктура ја користат и други институции како што се: Националната Установа Тетовски Театар во Тетово, Американско Катче (American corner Tetovo), Алијанца за Француски Јазик и Култура, се во вкупен износ од 1,233,732.00 денари . Овие трошоци беа континуирани и помогнаа да се обезбедува удобна и функционална средина за сите спроведени активности во институцијата.

Трошоците за електрична енергија, други комунални такси и услуги беа неопходни за да се обезбеди секојдневно функционирање и да се одржи животната средина чиста и безбедна за сите посетители и персонал. Генерално, трошоците за електрична енергија, други комунални такси и услуги се во значителна сума од 1,366,224.00 денари, но неопходни за одржување и ефективно работење на институцијата. Истотака, овие трошоци придонесувале за создавање безбедна, чиста и пријатна средина за сите нејзини корисници.

## РАСХОДНА СТАВКА 464 - РАЗНИ ТРАНСФЕРИ

Во оваа категорија на трошоци за годишната програма за 2025 година финансирана од Министерството за Култура се реализирани вкупно 100,000.00 денари, додека за годишната програма за 2024 година се реализирани вкупно 65,000.00 денари, (нереализиран дел од проектите од 2024 година), вкупно 165,000.00 денари и тоа:

### Визуелни уметности

- ☑ Самостојна изложба на Есра Лута „Flow in the flower" – прв дел реализирани 60,000.00 денари, втор дел нереализирани 10,000.00 денари
- ☑ Колективна изложба „Без наслов'' – (проект од 2024 год.) втор дел реализиран 5,000.00 денари.
- ☑ Самостојна изложба на Габриела Петровска „Времеплов"- прв дел реализирани 40,000.00 денари, втор дел нереализиран 30,000.00 денари.

## Фолклорна дејност

- Годишен фолклорен концерт на КУД „Џеладин Зеќири" – (проект од 2024 год.) втор дел реализиран 30,000.00 денари.

## Литература и издавачка дејност

- „Тетовска поетска ноќ" – (проект од 2024 год.) втор дел реализиран 30,000.00 денари.

Во склоп на Годишната програма на Н.У.Ц.К. „Иљо Антески Смок"-Тетово, е реализиран и проектот финансиран од сопствени средства во вкупен износ 30,000.00 денари, и тоа:

- Ансамблот за македонски народни игри и песни „Танец"- 30,000.00 денари.

Во текот на првата половина од 2025 година, односно во периодот од 01 јануари до 30 јуни 2025 година, нашата установа Центар за Култура реализираше повеќе видови на трошоци со цел обезбедување на непречено функционирање на институцијата, одржување на хигиената, административно работење, како и унапредување на условите за работа и престој на посетителите, во вкупен износ од 599,947.00 денари.

Во рамките на овој период, беа реализирани следниве категории на трошоци:

- **Трошоци за поштенски и телекомуникациски услуги**

Овие трошоци вклучуваат сметки за телефон и интернет, како и поштенски услуги поврзани со службената комуникација и испраќање/примање на документи и известувања.

- **Средства за одржување на хигиената**

Обезбедени се хигиенски производи како што се детергенти, дезинфекциски средства, сапуни, тоалетна хартија и слично, со цел редовно одржување на чистотата во просториите на институцијата и обезбедување на безбедна и здрава околина.

- **Материјали и канцелариска опрема**

Снабдени се неопходни материјали за административно работење, вклучително тонери за печатачи, канцелариска хартија, пенкала, папки, регистратори и друг потрошен материјал за секојдневната работа на вработените.

Е направена набавка на професионален фотоапарат со цел исполнување на институционалните потреби и унапредување на документирањето на културните активности. Уредот ќе служи за фотографирање и квалитетно архивирање на уметнички настани, изложби, концерти, работилници и секоја друга активност што ја организира или поддржува нашата институција. Набавката е направена со цел зголемување на ефикасноста во промоцијата на културните активности преку визуелен материјал со висок квалитет, како и за создавање на одржлива архива што ќе ја отсликува нашата дејност.

- **Ситен инвентар**

Се набавени разни помагала и предмети од ситен инвентар кои служат за подобрување на работната ефикасност и организација во канцелариските простории.

Вкупната вредност на оваа категорија на трошоци за реализација на годишната програма, трошоци за поштенски и телекомуникациски услуги, средства за одржување на хигиената, канцелариски материјали, ситен инвентар и разни трансфери изнесува вкупно 764,947.00 денари.

Прилог: Табеларен преглед на финансиски извештај на НУЦК "Иљо Антески-Смок"-Тетово.

## I. ПРИХОДИ

| Конто | Опис на конто | Износ (денари) конто 603 | Износ (денари) конто 631 | Износ (денари) конто 787 | Износ (денари) конто 785 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 723911 | Закупнина од објекти | 0,00 | 235.310,00 | 389.140,00 | 0,00 | 624.450,00 |
| 741112 | Трансфери од буџетот на Р.С.М. | 11.742.675,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 11.742.675,00 |
| 741114 | Пренесен вишок на приходи од претходната година | 0,00 | 99.028,00 | 157.213,00 | 0,00 | 256.241,00 |
| | **Вкупно приходи** | **11.742.675,00** | **334.338,00** | **546.353,00** | **0,00** | **12.623.366,00** |

## II. РАСХОДИ

| Конто | Опис на конто | Износ (денари) конто 603 | Износ (денари) конто 631 | Износ (денари) конто 787 | Износ (денари) конто 785 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **401** | **ОСНОВНИ ПЛАТИ** | 7.352.231,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 7.352.231,00 |
| 401130 | Основни плати | 6.756.539,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 6.756.539,00 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 595.692,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 595.692,00 |
| **402** | **ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ** | 2.859.220,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 2.859.220,00 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 1.919.749,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.919.749,00 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 765.868,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 765.868,00 |
| 402220 | Персонален дополнителни придонеси | 51.060,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 51.060,00 |
| 402310 | Основни придонеси до агенцијата за вработување | 122.543,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 122.543,00 |
| **421** | **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ** | 1.366.224,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.366.224,00 |
| 421110 | Електрична енергија | 1.233.732,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 1.233.732,00 |
| 421190 | Други комунални такси и услуги | 132.492,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 132.492,00 |
| **464** | **РАЗНИ ТРАНСФЕРИ** | 165.000,00 | 292.089,00 | 307.858,00 | 0,00 | 764.947,00 |
| 464990 | Други трансфери | 165.000,00 | 292.089,00 | 307.858,00 | 0,00 | 764.947,00 |
| | **Вкупно расходи** | **11.742.675,00** | **292.089,00** | **307.858,00** | **0,00** | **12.342.622,00** |

| | |
|---|---|
| **I.ВКУПНО ПРИХОДИ** | 12.623.366,00 |
| **II.ВКУПНО РАСХОДИ** | 12.342.622,00 |
| **ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК НА ПРИХОДИ** | **280.744,00** |

# Заклучок

Од горенаведеното, како заклучок може да се наведат следниве елементи:

- Периодот 01.01.2025 до 30.06.2025, Центарот за култура го завршува со позитивен биланс на успех;
- Кварталните планирања на Центарот за Култура, не се почитуваат целосно од Министерство за култура и туризам;
- Да се најде Решение за взаемно менаџирање со Тетовски Театар на трошоците и приходите за одржување и користење на нашата целосна инфраструктура.




## ОБРАБОТЕНО ОД:

**Мр. Шевал Сулејмани**, Советник за административни, општи и правни работи
**Хакан Мејди**, Стручен соработник за меѓународна соработка
**Љуљета Шаќири**, Советник за материјално-финансиско работење
**Фиљиз Сулејмани**, Советник за информатички работи

## ОДОБРЕНО ОД:

**Артан Арслани**, Програмски раководител
**Дашнор Аголи**, Раководител на сектор за материјално-финансиски работи и сметководство

**Директор,**

**Њомза Имери Исмаили**